РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
1
18-36/1
05.01 2021 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Согласно член 36 став 1 и 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија " бр. 101/ 2019), Општина Крива Паланка, ул. ,,Св. Јоаким Осоговски,, бр 175, 1330 Крива Паланка, тел/факс 031 375 035, e-mail: opkp@krivapalanka.gov.mk, службеното лице Лидија Митовска за посредување со информации од јавен карактер, го подготви следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## (за период од 01.01.2020 до 31.12.2020година)

### 1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателот на информации:

Службени лица за посредување со информации согласно Член 8 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер карактер ( „Службен Весник на Република Северна Македонија " бр. 101/ 2019), во Општина Крива Паланка за периодот од 01.01.до 31.12. 2020 година се:
Лидија Митовска и Долорес Асановска, контакт/ тел/факс 031 375 035, lmitovska@krivapalanka.gov.mk, dolores.asanovska@krivapalanka.gov.mk
Општина Крива Паланка
Ул .,,Св. Јоаким Осоговски ,, бр. 175 ,1330 Крива Паланка

### 2.Број на примени барања:

Во текот на 2020 г. согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Крива Паланка се примени вкупно **34 (триесет и четири)** барања.

Барањата претежно се однесуваат за информации, акти, документи продуцирани со работата на општинската администрација, советот на општината, градоначалникот, но и одредени акти со кои се има стекнато општината во текот на вршењето на работите од својата надлежност.

Тоа што ги карактеризира еден дел од барањата е што личат на прашалници, има случаи кога со едно барање се бараат и повеќе од пеесет информации.

**Во текот на 2020 година од општината се побарани вкупно 253 (двеста пеесет и три ) информациии од јавен карактер и тоа:**

- 43 ( четириесет и три) информации се од областа на финансиите, општинскиот буџет,буџетскиот процес, финансиските извештаи, трансфери кон невладини организации, данок на имот и сл. или 17,00 %;
- 27 ( дваесет и седум) информации се од областа на правни и договорни работи (акти, докумети), работата и функционирањето на Советот на

општината, акти на советот, годишни оперативни програми, стратешки документи сл. или 10,67 %;

- 12 (дванаесет) информации се од областа на еднаквите можности на жените и мажите, комисијата за еднакви можности (годишни програми и акциските плански документи ,родовите перспективи и сл. или 4,74 %;
- 22 ( дваесет и две ) информации се во областа на урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина, комуналните дејности и комунална инфраструктура, легализација на бесправно изградени објекти, и сл. или 8,69 %;
- 7 (седум) информации се од областа на институционалната меморија на општината или 2,77 %;
- 101 ( стои и една) информација се од областа на човечките ресурси во општината или 39,92%;
- 1 (една) информација е од областа на меѓународната соработка на општината со збратимени општини или 0,39 %;
- 7 (седум) информации се од областа на инспекцискиот надзор (градежен, комунален, заштита на животна средина ) или 2,77 %;
- 4 ( четири ) информации се од областа на јавните набавки или 1,58 % ;
- 2 (две) информации се од областа на социјалните работи и социјалната заштита во општината или 0,78 %;
- 16 ( шеснаесет) информации се однесуваат на формите на непосредно учество на граѓаните во одлучувачките процеси во општината или 6,35 %
- 11 (единаесет) информации се од областа на Комсијата за продажба на градежно земјиште во општината или 4,34 %

**3. Број на позитивно одговорени барања:**

**Сите 34 (триесет и четири ) барања се за информација од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и сите барања се позитивно одговорени.**

Одговорите на Барањата се конкретни согласно барањата на барателите, информациите се доставени во форма каква ја бара барателот и на начинот за доставување наведен во барањето. По сите барања е постапено согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**4. Број на одбиени или отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање.**

**нема**

**5. Број на неодговорени барања**

**нема**

**6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација).**

Во текот на 2020г. нема

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата.

Една уважена Жалба од 2019 година со која предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган.

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата.

нема

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање.

нема

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.

нема

05.01.2021г.
Крива Паланка

.......................................................................
Службено лице за посредување со информации
Лидија Митовска

.......................................................................
Градоначалник на Општина Крива Паланка
Борјанчо Мицевски